Наставник: Леонид Крстевски

Тема 2:
Работа со текст

ПОДЕСУВАЊЕ НА СТРАНИЦА

Колони, маргини, ориентација, формат и рамка

7
одделение

ПОДЕСУВАЊЕ НА СТРАНИЦА

Денес ќе научиме:

- текст во колони
- маргини
- ориентација на страница
- големина на страница
- рамка на страница





Сите овие опции ги наоѓаме во табот **Layout** во **Word**.

Прашање:

„Дали сите документи треба да изгледаат исто?“

Не — постер, писмо, спиание и диплома можат да имаат различен распоред.

ШТО СЕ ПАРАМЕТРИ НА СТРАНИЦА?

ДЕФИНИЦИЈА

Параметри на страница се поставки со кои го опредеедуваме изгледот и распоредот на страницата во документот.

Тука спаѓаат:

- маргини
- ориентација
- големина на страницата
- колони
- рамка на страницата

ВАЖНО

Пред печатење треба да провериме дали страницата е правилно поставена.



МАРГИНИ ↔

Што се маргини?

Маргини се празните простори помеѓу текстот и рабовите на страницата.

Маргините ни помагаат текстот да изгледа уредно и читливо.



Имаме:

- горна маргина
- долна маргина
- лева маргина
- десна маргина

Во Word:

Layout → Margins



Уредни маргини = поубав изглед на документот!

ЗОШТО НИ ТРЕБААТ МАРГИНИ?

Маргините:

- го прават документот поуреден;
- остават простор околу текстот;
- спречуваат текстот да биде премногу блиску до работ на листот;
- се важни при печатење.



Со маргини



Без маргини



Прашање:

„Што би се случило ако текстот започнува точно од работ на листот?“

ОРИЕНТАЦИЈА НА СТРАНИЦА

Постојат две основни ориентации:

PORTRAIT — ПОРТРЕТНА

Вертикална страница.

Најчесто се користи за:

- писма;
- домашни задачи;
- извештаи;
- документи со многу текст.



LANDSCAPE — ПЕЈЗАЖНА

Хоризонтална страница.

Најчесто се користи за:

- широки табели;
- постери;
- распореди;
- содржина што бара повеќе простор во ширина.





Правилната ориентација го прави документот појасен и поубав!

ГОЛЕМИНА / ФОРМАТ НА СТРАНИЦА

Не сите листови имаат иста големина.

Во Word:

Layout → Size



A4

210 × 297 mm

Најчесто користен формат за документи.

A4 | 210 × 297 mm

Може да постојат и други формати:



A3 A5 Letter

ЗА ТЕСТ

Формат на страница ја определува физичката големина на листот.

Не треба да ги учат сите димензии напамет.

ТЕКСТ ВО КОЛОНИ

ОБИЧЕН ТЕКСТ

ДВЕ КОЛОНИ

ДЕФИНИЦИЈА

Колони се **вертикални делови** во кои може да се распореди текстот на страницата.

Најчесто ги гледаме во:

- весници
- списанија
- брошури



КАКО ПОСТАВУВАМЕ ТЕКСТ ВО КОЛОНИ?

Многу важно:

Ако сакаме САМО ЕДЕН ДЕЛ од текстот во колони:

1. Го селектираме текстот
2. Layout
3. Columns
4. Избираме Two / Three



ВАЖНО

Прво **селектирај го текстот** што сакаш да го поставиш во колони.

РАМКА НА СТРАНИЦА

Не ја мешаме со рамка на пасус од првиот час.

Рамка на пасус → околу одреден пасус.

Ова е пример за пасус со рамка.

Останатиот текст е без рамка.

Рамка на страница → околу целата страница.

Ова е пример за страница
со рамка.
Целата страница е опкружена
со рамка.

Рамка на страница

Рамка на страница е линија или декоративен елемент поставен околу рабовите на страницата.

Можеме да менуваме:

- боја
- стил
- дебелина

Особено е корисна за:

- дипломи
- честитки
- постери
- покани

Како да додадеме рамка на страница?

1. Одиме на **Design (Дизајн)**
2. **Page Borders** (Рамки на страница)
3. Избираме стил, боја и дебелина
4. Притискаме **OK**



Примери за рамка на страница



Обична рамка



Декоративна рамка



Двојна рамка



Различен стил

Основни поими во Word

Креирај, уредувај, форматирај!

Дефиниции

Маргини

Маргини се празните простори помеѓу текстот и рабовите на страницата.



Ориентација

Ориентација определува дали страницата е поставена вертикално или хоризонтално.



Формат

Форматот ја определува големината на страницата.



Колони

Колони се вертикални делови во кои се распоредува текстот.



Рамка на страница

Рамка на страница се поставува околу рабовите на целата страница.



Квиз

1 **Што се маргини?**

A) Простор меѓу буквите
B) Простор меѓу текстот и рабовите на страницата
C) Рамка околу слика

2 **Landscape значи:**

A) Вертикална ориентација
B) Хоризонтална ориентација

3 **Што определува Size?**

A) Големина на буквите
B) Големина на страницата
C) Големина на сликата

4 **Сакам само еден дел од документот во две колони. Што правам прво?**

A) Print
B) Го селектирам текстот
C) Го затворам документот

5 **Page Border е:**

A) Рамка околу еден збор
B) Рамка околу страницата
C) Проред